Врз основа на член 52 став 1 алинеа 22 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.35/08, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013), Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, на 119-та седница одржана на ден 26.12.2013 година го донесе следниов:

# П Р А В И Л Н И К
## за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Овој Правилник непосредно ќе се применува на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, односно неговите единици.

### Член 2

Високообразовната и научно-истражувачката дејност на факултетите, високите стручни школи и институтите ја остваруваат лица избрани во наставно-научни звања, наставни звања, научни звања, наставно-стручни звања и соработнички звања.

Високообразовна дејност може да врши само лице избрано во наставно-научно, наставно, наставно-стручно и соработничко звање за времето за кое е избрано.

По исклучок, високообразовна дејност на студии од прв, втор и трет циклус може да врши и лице избрано во научно, односно соработничко звање, согласно одредбите од Законот за научно-истражувачката дејност, според еквивалентноста на звањата утврдени со Законот за високото образование.

## НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА

### Член 3

На факултетите лицата се избираат во наставно-научните звања: доцент, вонреден професор и редовен професор.

На високите стручни школи лицата се избираат во наставни звања: предавач, виш предавач и професор на висока стручна школа.

На институтите лицата кои вршат високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус се избираат во наставно-научните звања: доцент, вонреден професор и редовен професор.

На институтите лицата кои вршат научно-истражувачка дејност се избираат во научни звања: научен соработник, виш научен соработник и научен советник, според Законот за научно-истражувачката дејност.

**Член 4**

На факултетите можат да се избираат лица и во звањата насловен доцент и насловен вонреден професор, според услови и во постапка утврдени со Законот за високото образование и со овој Правилник.

На факултетите и институтите на кои се изведува настава по јазик, наставно-стручни звања се: лектор и виш лектор.

**Член 5**

Соработниците на факултетите се избираат во звање асистент-докторант.

Соработниците се бираат и во звања помлад асистент, асистент и помлад лектор, во согласност со Законот за високото образование и овој Правилник.

Соработниците на институтите се избираат во звањата: помлад асистент-истражувач и асистент-истражувач, според Законот за научно-истражувачката дејност.

Соработниците на институтите кои учествуваат во наставно-образовниот процес на студии од втор и трет циклус се избираат во звањата: помлад асистент и асистент.

***Асистенти-докторанти***

**Член 6**

На факултетите се избираат асистенти-докторанти на научни, односно уметнички области утврдени со правилникот на единицата.

Асистентите-докторанти се избираат за време од пет години на јавен конкурс и засноваат работен однос на определено време.

Асистентите-докторанти учествуваат во наставно-образовниот процес во обем определен со правилникот на единицата.

Асистентите-докторанти можат да држат предавања и да спроведуваат испити само во присуство на својот ментор.

Асистентот-докторант задолжително се запишува на докторски студии најдоцна до првиот објавен конкурс од универзитет, а трошоците за докторските студии на асистентот ги покрива високообразовната установа.

Доколку асистентот-докторант не одбрани докторска дисертација до истекот на времето за кое е избран, му престанува работниот однос.

Високообразовната установа и асистентот-докторант склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски.

**Член 7**

Изборот во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања се врши според услови и критериуми утврдени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и со овој Правилник, врз единствени критериуми за избор утврдени од Интеруниверзитетската конференција.

Изборот во научни звања и соработници-истражувачи се врши во согласност со Законот за научно-истражувачката дејност и со овој Правилник.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА

***Критериуми за избор во наставно-научни звања***

**Член 8**

Наставниците во наставно-научни и наставни звања се избираат во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и со овој Правилник.

Критериумите за избор во наставно-научни звања ги вклучуваат сите активности од квалитативен и квантитативен карактер во областа на наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната област, како и извршувањето на пооделните функции во рамките на високообразовниот систем на Р. Македонија, Универзитетот и неговите единици.

Преглед на активностите од став 2 на овој член се дадени во Анексот на овој Правилник.

**Член 9**

За доцент може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години, постигнувања во примената на истражувачките резултати и способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата.

За вонреден професор може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години, учество во научно-истражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научно-истражувачките резултати, придонес во оспособувањето на помлади наставници и кое покажало способност за изведување на разни видови високообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата.

За редовен професор може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира, објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или четири научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните пет години, кое учествувало или раководело со научно-истражувачки проект и кое има придонес во оспособувањето на помлади наставници и кое покажало способност за изведување на сите видови вискообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата.

За повторен избор за редовен професор може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира, објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или четири научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните седум години, кое учествувало или раководело со научно-истражувачки проект и кое има придонес во оспособувањето на помлади наставници и кое покажало способност за изведување на сите видови вискообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата.

Во наставно-научното звање на иста единица на високообразовна установа не може да биде избрано лице кое има одбрането докторски труд на факултет каде што има засновано работен однос во наставно-научно, наставно, односно соработничко звање лице со кое е роднина по крв по права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен.

Ставот 5 на овој член не се однесува на лице кое завршило магистерски или докторски студии на еден од првите 500 унивезитети рангирани на последната објавена листа од следниве институции: Институт за високо образование при Шангајскиот Цио Тонг универзитет, US News and Report и Times Higher Education Supplement-World University Ranking.

Ставот 5 на овој член не се однесува за лицата кои се избрани во наставно-научни и соработнички звања на високообразовната установа пред влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за високо образование (Сл.весник на РМ бр.17/2011).

Одредбите од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член не се однесуваат на студиите од областа на уметноста, филологијата и националната историја. Посебните услови за областите на уметноста, филологијата и националната историја ги пропишува високообразовната установа со посебен акт.

### *Критериуми за избор на асистент-докторант*

### Член 10

За асистент-докторант може да биде избрано лице кое има завршено втор циклус студии од соодветно научно, односно уметничко подрачје, има остварено просечен успоех од најмалку 8,50 на прв и втор циклус на студии, има познавање од англиски јазик кое кандидатот го докажува со потврда за познавање на јазикот и тоа (TOEFEL)- најмалку 74 бода за електронско полагање преку компјутер не постар од две години од денот на издавањето, (IELTS)-најмалку 6 бода не постар од две години од денот на издавањето, (TOLES)-базично познавање (Foundational level), (ILEC)-положен со успех најмалку Б2 (B2) и Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски (Cambridge Certificate of Preliminary English)-(B1), како и да покажува способност за наставно-научна, односно наставно-уметничка дејност.

Постапката за избор во асистент-докторант се спроведува согласно со одредбите од Законот за високото образование и овој Правилник.

### *Критериуми за избор во лекторски звања*

### Член 11

За лектор може да биде избрано лице кое има завршено студии од втор циклус од научна област во која се избира и покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

За виш лектор може да биде избрано лице кое има завршено студии од втор циклус од научната област во која се избира, објавени научни и стручни трудови и покажува способност за наставна работа.

### *Посебни критериуми за избор по стручно-уметнички предмети*

### Член 12

За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус, признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата, како и способност за наставна работа.

### *Критериуми за избор во звања на висока стручна школа*

**Член 13**

За предавач на висока стручна школа може да биде избрано лице кое има завршено втор циклус академски студии и покажува способност за наставна и високостручна работа, објавени стручни трудови и има повеќегодишно успешно искуство во работите од својата струка.

За виш предавач на висока стручна школа може да биде избрано лице кое има завршено втор циклус академски студии, објавени поголем број научни, односно стручни трудови и способност за наставна и високостручна работа.

За професор на висока стручна школа може да биде избрано лице кое има завршено докторат на науки, објавени научни и стручни трудови и способност за изведување на наставна и високостручна работа.

### *Критериуми за избор во научни звања*

**Член 14**

Научен соработник може да биде лице кое има научен степен доктор на науки од подрачјето за кое се избира, објавени научни трудови, односно постигнувања во примена на научно-истражувачки резултати.

Виш научен соработник може да биде лице кое има научен степен доктор на науки од подрачјето за кое се избира, повеќе рецензирани научни трудови објавени самостојно или во соработка со други автори, учество во научно-истражувачки проекти и има значајни постигнувања во примена на научно-истражувачки резултати и придонес во оспособувањето на научно-истражувачки кадри.

Научен советник може да биде лице кое има научен степен доктор на науки од подрачјето за кое се избира, повеќе рецензирани научни трудови објавени самостојно или во соработка со други автори кои имаат значајно влијание во развојот на науката и практиката, да бил главен истражувач или има значаен придонес во реализирањето на програмите и проектите и во оспособувањето на научно-истражувачки кадри.

При изборот или преизборот во повисоко, односно исто научно звање, во предвид се земаат објавени научни трудови во научни списанија, монографии, учества на меѓународни проекти, конференции, собири, постигнати резултати и придонес во создавањето млади научно-истражувачки кадри во времето од последниот избор.

### *Критериуми за избор во соработнички звања*

**Член 15**

За помлад асистент може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус, односно постдипломски студии од соодветна научна, односно уметничка област, со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум), кое се служи со еден од светските јазици и покажува способност за наставно-научна, односно наставно-стручна работа и особен интерес кон областа.

**Член 15а**

За помлад асистент во подрачјето на медицинските науки може да биде избрано лице кое има завршено академски циклус од прв степен со најмалку 300 кредити, со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум), кое активно владее со еден од странските јазици и покажува способност за научно-наставна, односно научно-стручна дејност.

**Член 16**

Помлад асистент - истражувач може да биде лице кое има завршено високо образование, постигнат просечен успех на студиите од најмалку осум и покажува способност за научно истражување.

**Член 17**

За помлад лектор може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус, односно постдипломски студии, со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум), кое активно го владее странскиот јазик и покажува способност за наставна работа.

**Член 18**

За асистент може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус, од соодветно научно, односно уметничко подрачје или постдипломски студии и *еден мандат како помлад асистент* или работно искуство од три години, се служи со еден од светските јазици и покажува способност за наставно-научна дејност.

**Член 18а**

За асистент во подрачјето на медицинските науки може да биде избрано лице кое има завршено академски циклус од втор степен од соодветно научно подрачје или специјализација во областа на медицината за клиничките предмети според Законот за здравствената заштита, се служи со еден од странските јазици и покажува способност за научно-наставна, односно научно-стручна дејност.

**Член 19**

Асистент - истражувач може да биде лице кое има завршено втор циклус односно постдипломски студии, објавени трудови и постигнати резултати во научни истражувања.

***Критериуми за избор во насловни звања***

**Член 20**

Во звањето насловен доцент или насловен вонреден професор може да биде избрано лице кое претставува афирмиран научен работник, афирмиран стручњак од практиката, уметник или соработник на факултетот, доколку ги исполнува условите за избор во редовно звање – доцент или вонреден професор, и доколку факултетот има потреба од ангажирање на такво лице.

Потребата од избор на лице во насловно звање со одлука ја утврдува наставно-научниот совет на факултетот.

Доколку во текот на траењето на насловното звање лицето биде избрано во истото редовно наставно-научно звање, периодот во кој било избрано во насловното звање се смета за период изминат во соодветното редовно наставно-научно звање.

**Член 21**

Обемот и видот на учеството во наставно-образовниот процес на лицето избрано во насловно звање се утврдуваат со одлука на наставно-научниот совет на факултетот.

**Член 22**

Изборот во соодветните насловни звања се врши според критериумите и постапката за избор во звањата доцент и вонреден професор.

**Член 23**

При изборот во исто наставно-научно, наставно, научно и соработничко звање, се зема предвид фактот дека лицето кое се избира при претходниот избор ги исполнило критериумите за избор во тоа звање.

**Член 24**

Лицата кои имаат важечки избор во наставно-научно, односно наставно звање во одредена област за предмети од прв циклус, во согласност со Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот, можат да реализираат настава и испити на предмети од втор и трет циклус кои припаѓаат на истата или на сродна област.

**Член 25**

Лицата кои имаат важечки избор во наставно-научно/наставно звање во одредена област, односно наставна дисциплина од прв циклус, имаат право и можат да бидат ангажирани во согласност со Законот за високото образование и актите на Универзитетот, во реализацијата на наставата и испитите по одредени наставни дисциплини кои припаѓаат на истата научната област, во рамките на Универзитетот или други универзитети.

Одлука за ангажирањето на наставници во согласност со ставот 1 на овој член, на предлог на единицата/единиците носи Ректорската управа на Универзитетот.

**Член 26**

Наставниците вработени од една единица на Универзитетот „Св.Климент Охридски"-Битола, можат да се ангажираат во друга единица на Универзитетот и на единица на друг јавен или приватен универзитет, врз основа на претходно барање од страна на единицата на УКЛО или другиот универзитет, односно неговата единица. За ова барање, предлог-одлука донесува деканатската управа/управата каде наставникот е вработен, во зависност од неговата ангажираност во матичната единица во однос на фондот на часови и бројот на наставни дисциплини и водејќи сметка за можноста за негов ангажман во рамките на матичниот Универзитет, а во согласност со Законот за високото образование, нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот.

Предлог-одлуката, со соодветно образложение, се доставува до Универзитетот по правило најдоцна 10 дена пред почетокот на семестарот на соодветната академска година.

Одлука по барањето на единицата/универзитетот донесува Ректорската управа.

Единиците на Универзитетот кои што ќе утврдат потреба од ангажирање на наставник од друг јавен или приватен универзитет, до Ректорската управа доставуваат образложено предлог-барање за ангажирање на истите, по правило најдоцна 10 дена пред почетокот на семестарот на соодветната академска година. Ректорската управа го разгледува ова предлог-барање и доколку за тоа одлучи позитивно, истото се испраќа до соодветниот универзитет, односно негова единица.

Меѓусебните права и обврски од претходните ставови се регулираат со договор склучен помеѓу наставникот и единицата, односно Универзитетот, каде тој се ангажира.

**Член 27**

Наставниците се избираат во наставно-научно, односно наставно звање во една или во повеќе области во рамките на едно научно поле.

Стекнатите права на претходно избраните наставници во наставни дисциплини, односно области, не можат да бидат доведени во прашање, а согласно член 297 од Статутот на Универзитетот.

**Член 28**

Со изборот во наставно-научно, наставно и наставно-стручно звање во определена област, односно наставни дисциплини во рамките на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола, избраното лице може да врши наставно-образовна дејност во која било единица на Универзитетот, во областите, односно наставните дисциплини за кои е избрано, а исто така врз основа на важечкиот избор и да премине (да биде преземено) со својот работен однос во друга единица на Универзитетот.

При основањето на нов факултет како единица на Универзитетот, Матичната комисија именувана од страна на Владата на РМ може да врши преземање на избраните наставници/соработници од единицата која престанува да постои или од друга единица на Универзитетот ако наставникот/соработникот има интерес за тоа, при што на овие лица им важи постојниот избор во звање.

Прашањата од став 1 и 2 од овој член, како и други прашања поврзани со правата и обврските од работен однос на наставниците и соработниците и другите вработени на единиците, односно на Универзитетот, ќе бидат регулирани со посебен Правилник.

**Член 29**

Единицата на Универзитетот, односно Универзитетот, имаат обврска да обезбедат услови за ангажирање на вработените наставници и соработници за времетраењето на нивниот избор.

Одлука за распоредот на часовите и наставата донесува деканската управа/управата на предлог на внатрешните организациони единици на факултетот.

Вкупниот број на часови на секој циклус се распределуваат рамномерно меѓу сите наставници од иста или сродна научна област.

На наставникот кој не го исполнува минималниот број часови за наставна дејност за академската година, со решение на деканот му се определуваат часови на настава од сродна научна област.

При донесувањето на одлуката на деканската управа и решението на деканот, од став 2 и 4 на овој член, задолжително треба да се имаат во предвид:

- правата на избраниот наставник за негов ангажман во определената научна област согласно член 125 од Законот за високото образование;
- ангажирањето на друг наставник во определената област (наставни дисциплини) може да се реализира само доколку избраниот наставник го надминува нормативот во однос на бројот на часови на предавања и вежби на кој што тој е ангажиран. При ангажманот на наставникот не смее да се надмине законскиот максимум за бројот на предмети на коишто тој е ангажиран;
- при ангажирањето на друг наставник/наставници, доколку се исполнети условите од алинеа 2 од овој став, се ангажираат наставници кои се избрани во истата научна област, со важност за една академска година;
- доколку во рамките на единицата на Универзитетот нема избрани наставници од соодветната област коишто можат да бидат ангажирани на определените наставни дисциплини и кога се исполнети условите од алинеите 2 и 3 од овој став на овој член, тогаш се ангажираат наставници избрани во сродна научна област во рамките на соодветното научно поле, имајќи ја во предвид и нивната меѓусебна комплементарност, со важност од една академска година.

Деканатската управа/управата за својата одлука од ставот 2 на овој член го информира Наставно-научниот/наставничкиот совет на единицата, најдоцна во рок од 5 дена од нејзиното донесување.

На одлуката на деканатската управа/управата, засегнатиот наставник/наставници имаат право на приговор до Ректорската управа, најдоцна во рок од 10 дена од нејзиното донесување. Ректорската управа одлучува по приговорот во рок од 10 дена од неговиот прием. Одлуката на Ректорската управа е конечна.

**Член 30**

Доколку во рамките на единицата не постојат услови за исполнување на минималниот фонд на часови за предавања и/или вежби, тогаш деканатската управа/управата е должна да достави барање до Универзитетот за дополнително ангажирање на наставникот/соработникот на други единици на Универзитетот и на наставни дисциплини кои што се во рамките на научните област/области на кои што е избран наставникот/соработникот.

Одлука за ангажирањето на овие лица за соодветната академска година на другите единици на Универзитетот, на предлог на Ректорот, донесува Ректорската управа. Со оваа Одлука се регулираат и сите прашања поврзани со ангажманот на наставникот/соработникот во другите единици на Универзитетот.

**Член 31**

По завршувањето на времето за кое е избран наставникот/соработникот единицата е должна да распише конкурс за избор на вработениот наставник/соработник во таа единица.

При распишувањето на конкурсот единицата задолжително го распишува конкурсот за област/области на кои што лицето претходно било избрано и евентуално и за нова област на која што тоа лице има право да конкурира, односно ги исполнува условите утврдени во Законот за високото образование и другите релевантни нормативни акти.

За редовните професори и професорите на високата стручна школа, кои се стекнале со правото на доживотен избор во определени наставни дисциплини, односно области, не може да се распишува конкурс за избор по ниеден основ, бидејќи тие веќе се стекнале со доживотен избор во највисокото наставно-научно звање.

При распишувањето на конкурсот и целокупната постапка за избор, единицата е должна во целост да ги почитува законските, статутарните и другите нормативни акти на Универзитетот.

Доколку единицата не постапи согласно претходните ставови, наставникот/соработникот кој што се смета за оштетен има право на приговор до Ректорската управа во рок од 5 дена од распишувањето на конкурсот. Ректорската управа одлучува по приговорот во рок од 10 дена од неговиот прием.

По одлуката на Ректорската управа, наставникот/соработникот има право на жалба до Универзитетскиот сенат во рок од 5 дена од приемот на одлуката од Ректорската управа, а Универзитескиот сенат одлучува во рок од 15 дена од приемот на жалбата. Одлуката на Сенатот е конечна.

*Постапност во изборот*

**Член 32**

Изборот на лицата во наставно-научни, наставни и научни звања се врши постапно.

Лицето од претходниот став на овој член не може истовремено да биде избрано во повеќе од едно наставно-научно, односно наставно звање.

Лицата кои биле избрани во наставно-научни и наставни звања пред донесувањето на овој Правилник и имаат избор во различни звања во исто време за различни наставни дисциплини или области, треба да се усогласат со став 2 од овој член на следниот начин: предметите за кои се избрани припаѓаат на иста научна област или предметите припаѓаат на различна област, но во исто поле, се смета дека лицата се избрани во највисокото звање што го стекнале за било кој предмет од таа област/поле.

## НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

**Член 33**

Како објавени научни и стручни трудови со кои се потврдува владеењето на проблематиката во областа во која се избира лицето во наставно-научно, наставно и научно звање се сметаат трудови објавени во научни и во стручни списанија, како и во други публикации кои се од значење за развојот на науката и струката.

## ПОСТАПКА И НАЧИН НА ИЗБОР

*Конкурс за избор*

**Член 34**

Одлука за распишување конкурс за избор во звање, во случај кога изборот се врши прв пат во кое било наставно-научно, наставно, научно звање, наставно-стручно, односно соработничко звање, донесува наставно-научниот совет на факултетот, наставничкиот совет на високата стручна школа, односно научниот совет на институтот.

Одлука за распишување конкурс за избор во случај кога лицето е претходно избрано во наставно-научно, наставно, научно, наставно-стручно односно соработничко звање, донесува деканот, односно директорот на единицата на Универзитетот, најдоцна 6 месеци пред истекот на претходниот избор.

Времето за распишување конкурс од став 2 на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од шест месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон.

Конкурсот се распишува за избор во сите наставно-научни, наставни, научни, односно, наставно-стручни звања.

При изборот во соработничко звање се назначува соработничкото звање за кое се врши изборот.

Врз основа на одлуките од ставовите 1, 2 и 4 на овој член, Универзитетот, факултетот, високата стручна школа, односно институтот објавува јавен конкурс во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Објавата на огласот за прием на асистенти-докторанти се објавува во најмалку три дневни весници, на ¼ страна, од страна на единицата на универзитетот.

Конкурсот трае 8 дена од денот на објавувањето.

**Член 35**

Конкурсот треба да ја содржи соодветната наставно-научна област, за која се избира лицето, утврдена со Класификацијата на научни подрачја, полиња и области, односно наставни дисциплини, според стандардите дефинирани во Службен весник на РМ бр.103, од 30 јули 2010, како и во согласност со нормативните акти и одлуките на Универзитетот, односно на неговите единици.

Доколку при определувањето на научните области и распишувањето на конкурсот од страна на единиците се постапи спротивно на став 1 од овој член, засегнатата страна може да поднесе приговор и жалба во согласност со член 31 ставови 5 и 6 од овој Правилник.

**Член 36**

Постапката по конкурсот за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на факултетите и институтите трае најмногу 6 месеци.

Рокот од претходниот став започнува да тече од денот на објавување на конкурсот.

Доколку постапката не заврши во предвидениот рок од став 1 на овој член, постапката се запира и се распишува нов конкурс.

***Предвремен избор во повисоко звање***

**Член 37**

Избор во повисоко наставно-научно, наставно, научно и соработничко звање може да се врши пред истекот на периодот за кој е извршен изборот во постојното звање, доколку наставникот, односно соработникот ги исполнил условите за избор во повисоко звање и со својата научна и наставна работа особено придонел за развојот односно примената на научната, односно уметничката дејност за која е избран и има објавено научни и стручни трудови од кои најмалку два научни труда во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор или трудовите се цитирани во истите, по истекот на најмалку половина од времето за кое е извршен изборот.

По исклучок, лице може да биде избрано во повисоко наставно-научно, наставно, научно или соработничко звање и порано, пред истекот на најмалку половина од времето за кое е извршен изборот во постојното звање, доколку покрај условите од ставот 1 на овој член има објавено најмалку четири научни или стручни трудови во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор или пак тие се цитирани во истите. Предвремен избор во повисоко звање по истекот на половина од времето за кое е извршен изборот во постојното звање може да се спроведе за лицата кои докторирале или магистрирале на еден од првите 200 високо рангирани универзитети согласно со Шангајската листа.

Предвремен избор во повисоко звање пред истекот на најмалку половина од времето за кое е извршен изборот во постојното звање, може да се спроведе за лицата кои стекнале постдокторски научноистражувачки статус на еден од првите 50 високо рангирани универзитети согласно со последното утврдено рангирање на Шангајската листа, доколку на овие универзитети раководеле научен проект.

Решение за исполнување на условите и стекнување на звањето од ставовите 2 и 3 на овој член донесува деканот.

Лице кое магистрирало или докторирало на еден од првите 200 рангирани универзитети согласно со последното рангирање на Шангајската листа, односно првите 200 најдобро рангирани универзитети од соодветното научно подрачје, односно првите

100 најдобро рангирани универзитети по МБА програма согласно со Шангајскиот Цио Тонг универзитет, US News and Report и Times Higher Educational Supplement - World University Ranking, од научна област за која нема доволно научноистражувачка дејност во Република Македонија, може да поднесе барање за поддршка од Министерството за образование и наука кое во соработка со деканатот од соодветниот факултет, може да покренат постапка за работен однос, согласно со условите утврдени со овој закон.

Постапката за предвремен избор во повисоко звање се спроведува согласно членовите 38, 39, и 40 од овој Правилник. Универзитетот распишува конкурс и ја спроведува постапката за предвремен избор во повисоко звање, во согласност со Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања.

**Член 38**

Иницијатива за предвремен избор на лицата од членот 37 на овој Правилник дава наставно-научниот совет на факултетот, наставничкиот совет на високата стручна школа, односно научниот совет/советот на институтот, по предлог на две организациони единици, од која најмалку една е од единиците на Универзитетот, од соодветната наставно-научна област за која се врши изборот, со писмен и образложен предлог, во кој особено се наведуваат постигнатите напредни резултати на лицето.

**Член 39**

Иницијативата за започнување постапка за предвремен избор, заедно со образложението, се доставува до Универзитетскиот сенат, кој донесува одлука по истата.

Ако Универзитетскиот сенат ја усвои иницијативата од претходниот став на овој член, распишува конкурс.

По распишаниот конкурс, наставно-научниот совет, наставничкиот совет, односно научниот совет/советот на едницата на Универзитетот која ја дала иницијативата формира рецензиона комисија.

**Член 40**

Предвремениот избор на кандидатите во повисоко наставно-научно, наставно, наставно-стручно и соработничко звање го врши Универзитетскиот сенат, врз основа на оценката во рефератот на избраната рецензиона комисија.

**Член 41**

Предвремениот избор на кандидатите во повисоко научно звање се врши во согласност со Законот за научно-истражувачката дејност.

**Член 42**

Во случај Универзитетскиот сенат да не го изврши предвремениот избор во повисоко звање, на кандидатот му продолжува постојниот избор во звањето за времето за кое е избран.

***Рецензиона комисија***

**Член 43**

Рецензионата комисија во согласност со Законот за високото образование, односно Законот за научно-истражувачката дејност ја формира наставно-научниот совет на

факултетот, наставничкиот совет, односно научниот совет/советот на институтот, најдоцна во рок од 20 дена од денот на завршувањето на рокот за пријавување на кандидатите.

Рецензионата комисија се состои од најмалку три члена. Членовите на рецензионата комисија можат да бидат од факултетот, односно институтот во кој се врши изборот, од други факултети, односно институтот на Универзитетот и од други високообразовни и научни установи кои вршат високообразовна дејност во земјата.

Член на рецензионата комисија, под истите услови определени со закон, може да биде и лице од акредитирана високообразовна установа од странство.

Членовите на рецензионата комисија не можат да бидат во пониски звања од звањето во кое се избираат кандидатите.

Членовите на таа комисија можат да бидат и пензионирани лица во наставно-научното звање редовен професор, односно научен советник, во согласност со овој Правилник.

**Член 44**

Членови на рецензиона комисија за избор во наставни и соработнички звања на високите стручни школи, можат да бидат лица избрани во исто или повисоко наставно звање, како и лица избрани во наставно-научни и научни звања.

Лица избрани во наставни звања на високите стручни школи не можат да бидат членови на рецензиона комисија за избор во наставно-научни звања.

**Член 45**

Повеќе од половината од членовите на рецензионата комисија ја сочинуваат лица во наставно-научни, научни, односно наставнички звања од истото наставно-научно поле, односно наставно-научна област, во која се избира кандидатот, а другите членови можат да бидат од сродна наставно-научна област.

Соодветноста и сродноста од став 1 на овој член ја утврдува наставно-научниот совет, научниот, односно наставничкиот совет врз основа на научните подрачја и наставни дисциплини утврдени од Универзитетот.

**Член 46**

Деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа или институтот, најдоцна во рок од 8 дена, ги известува кандидатите за составот на рецензионата комисија. Во истиот рок, ги известува и членовите на рецензионата комисија и им ја доставува целокупната документација.

**Член 47**

Рецензионата комисија поднесува реферат за сите пријавени кандидати, при што за секој од кандидатите дава посебно образложение за постигнатите резултати во наставно-образовната и научно-истражувачката дејност на кандидатот, во согласност со Законот за високото образование, односно Законот за научно-истражувачката дејност.

Доколку некој од кандидатите не ги исполнува законските услови, на почетокот на рефератот истото се наведува и образложува.

Покрај елементите од членот 50 од овој Правилник, рефератот содржи:

- предлог за избор во звање кога од кандидатите кои ги исполнуваат условите за избор во звање се предлага еден и се предлага звањето во кое може да биде избран. Доколку конкурсот е распишан за избор на повеќе кандидати, тогаш се дава предлог за онолку кандидати за колку е распишан и конкурсот. Предлогот и образложението се дава пооделно за секој кандидат и за секој се гласа пооделно.

- предлог за неизбор кога ниеден од пријавените кандидати не бил позитивно оценет од мнозинството на членовите на рецензионата комисија.

Предлог до надлежниот орган има, кога повеќе од половината на членовите на рецензионата комисија се изјасниле за предлогот.

**Член 48**

Рецензионата комисија е должна да поднесе реферат во рок од **3** месеци од денот на доставувањето на документацијата од член 46 на овој Правилник.

Доколку рецензионата комисија не поднесе реферат во рокот утврден во став 1 на овој член, се формира рецензиона комисија со променет состав.

Предлог за формирање нова рецензиона комисија поднесува деканот, односно директорот, во рок од 5 дена од истекот на трите месеци, а ја избира наставно-научниот совет, научниот совет/советот односно наставничкиот совет.

**Член 49**

Рецензионата комисија го донесува предлогот од членот 47, став 3, алинеи 1 и 2, со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член на рецензионата комисија може да има издвоено мислење.

**Член 50**

Рефератот на рецензионата комисија содржи: биографски податоци на кандидатот, оцена на научните, уметничките, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите кои се од важност за утврдување на условите за избор во звање, податоци за објавените стручни и научни трудови и вреднувањето на тие трудови, како и другите активности содржани во Анексот на овој Правилник, податок кога лицето последен пат било избрано и во кое звање, како и предлог од членот 47 од овој Правилник.

Рецензионата комисија во рефератот ги вреднува вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Рефератот, односно извештајот, се пишува на македонски јазик.

Доколку еден од членовите на рецензионата комисија е од странски универзитет, рефератот, односно извештајот, се пишува на македонски и на англиски јазик.

**Член 51**

Факултетот, високата стручна школа, односно институтот, е должен, во рок од 5 работни дена, од доставувањето на рефератот од страна на рецензионата комисија до единицата на Универзитетот, истиот да го достави до Ректоратот заради објавување во Билтенот на Универзитетот.

Доколку постои издвоено мислење на член на рецензионата комисија по предлогот за избор на кандидатот, мислењето, заедно со рефератот, се објавува во Билтенот на Универзитетот.

**Член 52**

Изборот може да се врши најмалку 15 дена по денот на објавувањето на рефератот во Билтенот и на веб страната на Универзитетот и на единицата на која се врши изборот.

**Член 53**

Во рок од 8 дена од денот на објавувањето на рефератот на рецензионата комисија во Билтенот и на веб страната на Универзитетот/единицата, лица-учесници во постапката, наставно-научни и научни работници, наставници и соработници од факултетот,

институтот и од соодветна наставно-научна област на други високообразовни установи можат да поднесат приговор преку рецензионата комисија до наставно-научниот совет, наставничкиот, научниот совет/советот на објавените реферати за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања.

**Член 54**

Рецензионата комисија дава одговор на приговорот во рок од 8 дена од денот на приемот на приговорот.

Приговорот и одговорот на приговорот се објавуваат во Билтенот и се доставуваат до наставно-научниот совет, наставничкиот совет на високата стручна школа, односно научниот совет/советот.

Приговорот и одговорот на приговорот при избор во звање редовен професор и при постапка за предвремен избор во повисоко звање, се објавуваат во Билтенот и доставуваат до Универзитетскиот сенат.

По приговорот одлучува Сенатот, наставно-научниот совет/советот на факултетот, наставничкиот совет на високата стручна школа, односно научниот совет на институтот, во период не пократок од 15 дена и не подолг од 20 дена од објавувањето во Билтенот.

Ако наставно-научниот совет на факултетот, наставничкиот совет на високата стручна школа, односно научниот совет/советот на институтот го усвои приговорот од став 3 на овој член, се формира рецензиона комисија во променет состав, а ако не го усвои приговорот, се гласа за предлогот.

Ако Универзитетскиот сенат го усвои приговорот од став 3 на овој член, тогаш постапката се враќа во матичната единица на Универзитетот, каде се формира нова рецензиона комисија во променет состав, а ако не го усвои приговорот, се гласа за предлогот.

**Член 55**

Доколку рецензионата комисија утврди дека приговорот е злонамерен или со него се повредува достоинството на учесниците во постапката или на рецензентите, или се навредува јавниот морал, за објавувањето на приговорот одлучува ректорот.

***Одлучување за избор***

**Член 56**

Изборот на доцент, вонреден професор, како и изборот во наставни, научни и соработнички звања го врши наставно-научниот совет на факултетот, наставничкиот совет на високата стручна школа, односно научниот совет/советот на институтот.

Изборот на редовен професор го врши Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Предвремениот избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања го врши Универзитетскиот сенат.

**Член 57**

Доколку лицето кое е предложено за избор во звањето редовен професор, не биде избрано во тоа звање, постапката за избор продолжува на факултетот/институтот во согласност со овој Правилник, и повторно се гласа за избор во звањето вонреден професор.

Гласањето за избор во постојното звање се врши на првата наредна седница на наставно-научниот совет, научниот совет/советот, но најдоцна во рок од 30 дена од денот на одржаната седница на Универзитетскиот сенат и пред истекот на постојниот избор.

**Член 58**

Наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет, изборот на кандидатите во наставно-научно, односно наставничко звање, го врши доколку се присутни две третини од вкупниот број членови на советот.

Лицето е избрано ако добие мнозинство гласови од присутните членови од редот на наставниците.

При изборот во наставно-научни, односно наставни звања, не учествуваат асистентите, помладите асистенти, стручно-уметничките соработници и студентите, членови на наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет.

Научниот совет/советот изборот во научни звања го врши во согласност со Законот за научно-истражувачката дејност.

**Член 59**

Универзитетскиот сенат го врши изборот на кандидатите во звање редовен професор или предвремениот избор, доколку се присутни две третини од вкупниот број членови на Сенатот.

Лицето е избрано ако добие мнозинство гласови од присутните членови на Сенатот, во согласност со ставот 1.

**Член 60**

Наставно-научниот совет, наставничкиот совет го врши изборот во соработничко звање доколку на седницата се присутни две третини од вкупниот број членови на наставно-научниот совет/наставничкиот совет, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на советот.

Научниот совет/советот изборот во соработници-истражувачи го врши во согласност со Законот за научно-истражувачката дејност.

**Член 61**

Ако при изборот во повисоко звање, кандидатот кој е избран во наставно-научно, научно, наставно или соработничко звање, биде предложен за избор во повисоко звање на единицата и не биде избран во предложеното повисоко звање, повторно се гласа за избор во постојното звање во кое бил претходно избран, на истата седница.

На кандидатот кој има избор во наставно-научно, научно, наставно или соработничко звање, му престанува работниот однос ако не биде избран во предложеното повисоко или повторно избран во постојното звање.

**Член 62**

Универзитетскиот сенат, наставно-научниот совет, наставничкиот совет, односно научниот совет/советот, одлучува за изборот по предлогот на рецензионата комисија.

Ако рецензионата комисија нема предлог за избор во звање или ако наставно-научниот совет не изврши избор, се распишува нов конкурс.

**ЛИЦА КОИ НЕ СЕ ИЗБРАНИ**

**Член 63**

Кандидатот од ставот 2 на членот 61 кој не е избран, има право на приговор до наставно-научниот, наставничкиот совет, односно научниот совет/советот најдоцна во рок од 8 дена од денот на доставувањето на одлуката од наставно-научниот, наставничкиот совет, односно научниот совет, а одлуката треба да биде доставена до кандидатот во рок од 3 дена по донесувањето.

Наставно-научниот, наставничкиот совет, односно научниот совет најдоцна во рок од 10 дена по поднесувањето на приговорот, одлучува во согласност со овој Правилник.

**Член 64**

Доколку наставно-научниот, наставничкиот совет, односно научниот совет го одбие приговорот, одлуката за одбивањето треба да биде доставена до кандидатот во рок од 3 дена од донесувањето, а тој има право на жалба до Универзитетскиот сенат, во рок од 8 дена по приемот на одлуката на наставно-научниот, наставничкиот совет, односно научниот совет/советот.

**Член 65**

Универзитетскиот сенат, најдоцна во рок од 15 дена од поднесувањето на жалбата, со одлука формира комисија од три членови од редовни професори од иста или сродна наставно-научна област од која е подносителот на жалбата-кандидатот, од кои најмалку два члена се од друг факултет, односно институт.

Комисијата, во рок од 7 дена од приемот на одлуката од претходниот став, поднесува извештај до Универзитетскиот сенат со оцена за изборот и со образложен предлог.

Комисијата може да предложи лицето да биде избрано во повисоко звање или во звањето во кое претходно било избрано, или да предложи да се прифати одлуката на наставно-научниот, наставничкиот совет, односно научниот совет.

Универзитетскиот сенат најдоцна во рок од 10 дена по поднесувањето на извештајот на комисијата, одржува седница и може полноважно да одлучува доколку на седницата се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на членови, а одлучува со мнозинство од присутните членови.

Одлуката на Универзитетскиот сенат е конечна.

## ПРЕДВРЕМЕН ПРЕСТАНОК НА ИЗБОРОТ

**Член 66**

Лицето избрано во наставно-научно, наставно, наставно-стручно и соработничко звање е должно постојано научно, односно стручно да се усовршува и докажува, успешно да ја остварува високообразовната и научно-истражувачката дејност, да придонесува за создавање наставно-научен подмладок, да се грижи за успешно остварување на студиските програми и да придонесува за развојот, односно примената на научната дејност за која е избран.

На лицето, избрано во наставно-научно, наставно, наставно-стручно и соработничко звање може да му престане изборот и работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано, под услови и постапка уредени со Закон, Статут и со овој Правилник, ако се утврди дека подолго време не ги исполнува обврските, ако ги попречува законските и статутарните активности на факултетот, научниот институт, Универзитетот, или ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права и извршувањето на

должностите во установата, ако престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот или сторил други дисциплински престапи.

**Член 67**

Против лицето избрано во наставно-научно, наставно, односно соработничко звање се покренува дисциплинска постапка ако не ги извршува своите педагошки обврски, а особено ако се утврди дека неоправдано не ја реализира наставата, односно вежбите за студентите.

На предлог на деканот, ректорот задолжително формира дисциплинска комисија во случај на неизвршување на педагошките обврски.

На лицето од ставот 1 на овој член му се изрекува парична казна во висина од 10% до 30% од едномесечниот износ од нето-платата што му е исплатена во месецот пред извршувањето на дисциплинскиот престап, во траење од три до шест месеци.

Доколку на лицето од ставот 1 на овој член му се изречени две дисциплински мерки во текот на една академска година или три дисциплински мерки во текот на последните две академски години, на истото му престанува работниот однос.

Решение за престанок на работниот однос донесува ректорот.

**Член 68**

Иницијатива за предвремено престанување на изборот, односно престанок на работниот однос може да покрене ректорот, деканот на факултетот, директорот на високата стручна школа или органот на внатрешната организациона единица на факултетот.

Одлуката за престанок на изборот и работниот однос пред истекот на времето за кое е избрано лицето во наставно-научно, наставно или соработничко звање донесува органот кој го избрал врз основа на реферат на комисија составена од три редовни професори во рок од најмалку 15 дена, но не подоцна од 30 дена од објавувањето на рефератот во Билтенот на Универзитетот.

Комисијата најдоцна во рок од 90 (деведесет) дена од нејзиното формирање до органот којшто го извршил изборот во наставно-научно, наставно и соработничко звање, поднесува реферат за лицето за кое се бара предвремен престанок на изборот, кој се објавува во Билтенот на Универзитетот.

Лицата од став 2 од член 67 и од став 1 од член 68 имаат право на приговор до органот кој одлучувал за престанокот на изборот, во рок од 8 дена од приемот на одлуката за престанок на изборот.

Ако приговорот биде одбиен, лицата од претходниот став имаат право на жалба, во рок од 8 дена од приемот на одлуката до Универзитетскиот сенат, кој формира комисија од три члена, составена од редовни професори од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа. Комисијата поднесува реферат во кој дава оцена за изборот и за евентуалните дисциплински повреди. Сенатот одлучува во рок од 30 дена од приемот на жалбата.

Одлуката на Универзитетскиот сенат е конечна.

**Член 69**

Предвремениот престанок на изборот во наставни-научни, наставни, или соработнички звања, по било кој основ, не може да ги доведе во прашање претходно остварените права стекнати до прекинот на изборот.

**Член 70**

Доколку дојде до поништување/укинување на одлуката за избор или прекин на работниот однос на наставникот/соработникот по било кој основ, не може да бидат доведени во прашање стекнатите права на студентите, соработниците, наставниците, како и одлуките кои што се носени во соодветните тела и органи на единицата, односно Универзитетот, во чија што работа учествувал наставникот/соработникот.

**Член 71**

Предвремениот престанок на избор во научни звања и соработници-истражувачи се врши во согласност со Законот за научно-истражувачката дејност.

## УЧЕСТВО НА АФИРМИРАНИ НАУЧНИЦИ, СТРУЧЊАЦИ ОД ПРАКТИКАТА И УМЕТНИЦИ ВО НАСТАВАТА

**Член 72**

Заради презентирање на научните достигнувања, афирмирани научници, истакнати стручњаци од стопанството и општествените дејности и уметници, на покана, можат да учествуваат во изведувањето на одделни делови од наставно-научни дисциплини, на начин определен со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 73**

Толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

**Член 74**

Одредбите од овој Правилник за соработниците ќе се применуваат во согласност со рокот утврден во член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 17/2011), односно до 15 септември 2015 година.

Одредбите од овој Правилник за помладите асистенти-истражувачи и асистентите-истражувачи ќе се применуваат во согласност со роковите утврдени со Законот за научно-истражувачката дејност (Сл. весник на РМ бр. 24/2011), односно до 15 септември 2015 година.

**Член 75**

Одредбите за асистенти-докторанти, ќе се применуваат за асистенти-докторанти кои засновале работен однос шест месеци по влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.15/2013, односно шест месеци по 02.02.2013 година, а тоа е 02.08.2013 година.

**Член 76**

Започнатите постапки за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања пред стапувањето во сила на овој Правилник, доколку не се

во спротивност со Законот за високото образование, ќе завршат според условите, критериумите и постапката што важеле во времето на нивното започнување.

**Член 77**

Лицата кои се избрани во наставно-научни, наставни, научни и наставно-стручни звања пред донесувањето на овој Правилник се смета дека веќе ги исполниле условите за избор во постојното звање и ги задржуваат нивните претходни стекнати права.

**Член 78**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола од 18.04.2011 година.

**Член 79**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Златко Жоглев**

## АНЕКС
## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА

### Член 1

Професионалните референци на кандидатите за избор во наставно-научни и соработнички звања се вреднуваат во следниве области, односно наставни дисциплини:

- наставно-образовна дејност (НО);
- научно-истражувачка дејност (НИ);
- стручно-апликативна дејност (СА).

Референците кои се вреднуваат во секоја од горенаведените области, односно наставни дисциплини се наведени во табелите во член 2 до член 5.

### Член 2

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| |
|---|
| Настава на прв циклус на студии |
| Настава на втор циклус на студии |
| Настава на трет циклус на студии |
| Настава на прв циклус на студии на други универзитети во Македонија |
| Настава на втор циклус на студии  на други универзитети во Македонија |
| Настава на трет циклус на студии  на други универзитети во Македонија |
| Настава на прв циклус на студии  на други универзитети во странство |
| Настава на втор циклус на студии  на други универзитети во странство |
| Настава на трет циклус на студии  на други универзитети во странство |
| Член на комисија за оцена или одбрана на докторат |
| Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура |
| Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа |
| Ментор на дипломска работа |
| Позитивно рецензиран универзитетски учебник |
| - автор |
| - коавтор |
| Учебник издаден и во употреба на универзитет во странство |
| - автор |
| - коавтор |
| Изменето и дополнето издание на учебник |
| - автор |
| - коавтор |
| Издание на улебно помагало |
| Превод на учебник |
| Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум |
| - автор |
| - коавтор |

| |
|---|
| Интерна скрипта од предавања |
| Интерна скрипта од вежби |
| Основен школски или средношколски учебник |
| - автор |
| - коавтор |
| Научно-популарна книга |
| - автор |
| - коавтор |
| Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание |
| Рецензент на универзитетски учебник |
| Рецензент на учебник за средно образование |
| Рецензент на научно-истражувачки проект |
| Други активности во рамките на наставно-образовна дејност |

**Член 3**

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| |
|---|
| Одбранета докторска теза |
| Одбранета магистерска работа |
| Одбранет специјалистички труд |
| Ментор на докторска дисертација |
| Ментор на магистерска работа |
| Раководител на национален научен проект |
| Раководител на меѓународен научен проект |
| Национален координатор на меѓународен научен проект |
| Учесник во национален научен проект |
| Учесник во меѓународен научен проект |
| Монографија / библиографија |
| Монографија објавена во странство |
| Дел од монографија / библиографија |
| Дел од монографија објавен во странство |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор |
| Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание |
| Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир |
| Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор |
| Пленарно предавање на научен/стручен собир |
| Секциско предавање на научен/стручен собир |
| Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество |
| Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество |
| Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет |
| Одржано предавање на покана на универзитет |
| Одржана обука за потребите на стопанските и нестопанските дејности |
| Учество на научен/стручен собир со реферат |
| Одржано предавање на семинар за потребите на домашни спортски здруженија и федерации |
| Одржано предавање на семинар за потребите на меѓународни спортски здруженија и федерации |
| Раководител на проект за унапредување и развој на високото образование |

| |
|---|
| Член на проект за унапредување и развој на високото образование |
| Други активности во рамките на научно-истражувачка дејност |
| |

**Член 4**

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| |
|---|
| Стручна монографија |
| Стручна монографија објавена во странство |
| Книга од стручна област |
| - автор |
| - коавтор |
| Поглавје во книга |
| - автор |
| - коавтор |
| Речник |
| - автор |
| - коавтор |
| Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија |
| Патенти/иновации прифатени од Државниот завод за индустриска сопственост |
| Идеен проект |
| - одговорен проектант |
| - учесник/соработник |
| Студија |
| - одговорен проектант |
| - член на тим за изработка на студија |
| Главен (основен) проект |
| - одговорен проектант |
| - учесник/соработник |
| Изведбен проект |
| - одговорен проектант |
| - учесник/соработник |
| Ревизија |
| - одговорен |
| - учесник/соработник |
| Надзор |
| Вештачење/експертиза |
| Стручен консултант |
| Рецензент на книга од стручна област |
| Создавање на сорти |
| - автор |
| - коавтор |
| Апликативен проект |
| - раководител на проект |
| - учесник / соработник |
| Имплементација на систем за квалитет во високото образование (координатор за квалитет, одговорен за квалитет и член на акредитационо тело) |
| Дизајн или изработка на информациски систем |
| Учество во работата на комисии за државни натпревари |
| Член на национална жири-комисија |

| |
|---|
| Член на меѓународна жири комисија |
| Урбанистички проект |
| - автор |
| - учесник/соработник |
| Урбанистички план |
| - автор |
| - учесник/соработник |
| Воведување нова лабораториска/клиничка метода |
| Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание |
| Уредник на зборник на трудови на високообразовна и научна институција |
| Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир |
| Претседател на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир |
| Член на организационен нили програмски одбор на научен/стручен собир |
| Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир |
| Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир |
| Државна награда за научни постигнувања |
| - самостоен |
| - учесник во тим |
| Награда за научни постигнувања од струкова организација |
| - самостоен |
| - учесник во тим |
| Студиски престој во странство |
| - до три месеци |
| - до 6 месеци |
| - повеќе од 6 месеци |
| Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност (FP7, COST, ICGEB, IEAE и сл.) |
| - претседател |
| - член |
| Ректор |
| Проректор |
| Декан/директор |
| Продекан / заменик директор |
| Раководител на внатрешна организациона единица / лабораторија |
| Член на универзитетски сенат |
| Член на универзитетска комисија |
| Раководител на ЕКТС на Универзитет / единица |
| Член на Совет на докторскин студии на Универзитетот/Единицата |
| Член на комисија за избор во звање |
| Координатор на студиска програма |
| Раководител на постдипломски или докторски студии (втор и трет циклус студии) |
| Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.) |
| Учество во комисии и тела на државни и други органи |
| Претседател на Советот за наука на Министерството за образование и наука |
| Член на Советот за наука на Министерството за образование и наука |
| Национален координатор за одредена стручна област |
| Учество во изработка на национална програма од одредена област |
| Раководител на полски опит |
| Други активности во рамките на стручно-апликативна дејност |
| Претседател на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (претходно Одбор за акредитација) |
| Член на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (претходно Одбор |

| |
|---|
| за акредитација). |

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Златко Жоглев**